РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-43/4

19-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-43/1 од 03.01.2022 година, оформен по наводи за сомневање на прекршување на законски одредби и политичко влијание во постапка спроведена во врска со тендер за изградба на мала хидроцентрала на системот за водоснабдување на општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што по предметниот случај веќе е постапено по предмет со исти предметни наводи и по истиот донесена е одлука од надлежност на Државната комисија.

Предметот со број 12-43/1 од 03.01.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 11.01.2022 година, поднесена е пријава заведена под број 12-43/1 од 11.01.2022 година, по која е оформен предмет со наводи против лицето ---------------------, директор на ЈП „------------" ---------, поради сомневање на прекршување на законски одредби и политичко влијание во постапка спроведена во ЈП во врска со тендер за изградба на мала хидроцентрала на системот за водоснабдување на општина ----------- објавен на 27.09.2021 година. Предметните наводи се однесуваат на тоа дека целата постапка била водена нетранспарентно, без јавна расправа и информирање на граѓаните и дека на тендерот била пристигната само една понуда од страна на фирмата „------------" ------------ во конзорциум со --------------- --------- -----------.

Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара од ЈП „------------" ---------, да достави податоци и информации со прилог документација, по однос на пријавените наводи. По барањето е доставен одговор и од извршениот увид во целокупната документација за предметот констатирано е следново:

- ЈП „------------" ---------, има распишано повик за јавно приватно партнерство , а не тендер за јавна набавка. Огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партерство за проектирање/финансурање, изградба, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителниот систем за водоснабдување на општина ---------, бил објавен на ден 27.09.2021 година преку системот на ЕСЈН, во делот Огласи за воспоставување на јавно приватно партерство како концесија за јавни работи и јавни услуги.

- Од страна на Управниот одбор на претпријатието донесена е одлука за избор на најповолна понуда во законскиот рок, односно на ден 26.11.2021 година, како и Одлука за прифаќање на одлука за избор на најповолна понуда. Истиот ден, со доставница Одлуката била доставена до Претседателот

на Советот на општина --------- и до Градоначалникот, но Советот се нема произнесено по истата во законски пропишаниот рок од 30 дена.

- Договор за Јавно приватно партнерство, по однос на предметниот оглас, не постои во јавното претпријатие и ЈП немало склучено и потпишано таков договор, поради непроизнесувањето на Советот на Општината, а Јавното претпријатие немало преземено никакви дејствија за склучување на договор или поништување на повикот за јавно приватно партнерство поради тоа што тоа зависело од одлуката на Советот на општина ----------- која сеуште ја немал донесено.

- Од извршени проверки во евиденцијата на ДКСК констатирано е дека во Државната комисија веќе има оформено предмет во врска со предметниот случај кој е заведен во архивата на ДКСК под број 12-7487/1 од 29.12.2021 година, по кој се преземени се дејствија за утврдување на факричката состојба, завршено е постапувањето по предметот и донесена е одлука од нејзина надлежност.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по однос на предметните наводи веќе е постапено и одлучено од страна на Државната комисија, по што оцени дека нема елементи за натамошно пстапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И.